**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

Врз основа на член 28 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и Закон за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20 и 77/21), се доставува

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Së Veriut
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP

| Примено / Pranuar: 10.11.2021 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Njësia org. | Број Numër | Прилог Shtesë | Вредност Vlerë |
| 11 | 4157 | 1 | |

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

**1. Вид надзор: редовен**

**2. Субјекти на надзорот:**

1. Трговско радиодифузно друштво-оператор на кабелска мрежа БИВ ПИРАМИДА ДОО с.Звегор Делчево
2. Трговско друштво кабелска телевизија ВИНСАТ КАБЕЛ ДОО Виница
3. Друштво за телекомуникации и софтвер-кабелски оператор КАБЛЕКАЛЛ увоз-извоз ДООЕЛ Кичево
4. Трговско радиодифузно друштво-оператор на кабелска мрежа ВИВА НЕТ ДООЕЛ Берово
5. Друштво за телекомуникации СКУПИ КАБЛЕ ДОО Скопје
6. Друштво за производство трговија и услуги СПАЈДЕР-НЕТ увоз-извоз ДОО Гевгелија
7. Трговско радиодифузно друштво-оператор на кабелска мрежа КДС-КАБЕЛ НЕТ ДОО Прилеп

**3. Датум на извршување на надзорот:** 10 ноември 2021 година

**4. Предмет на надзорот:** Надзорот се врши врз исполнувањето на обврската утврдена во член 143 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, според која „Оператор кој реемитува програмски сервиси треба да обезбеди програмскиот пакет задолжително и бесплатно да ги содржи програмските сервиси на јавниот радиодифузен сервис".

**5. Констатации од надзорот:** Со надзорот е констатирано дека обврската од член 143 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги е во целост исполнета кај сите оператори на јавни електронски комуникациски мрежи опфатени со надзорот.

**Одделение за заштита на авторски права, Сектор за стратешко планирање и авторски права**